Институт за човекови права

# ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА МИСЛА И ИЗРАЗУВАЊЕ И СЛОБОДА НА МИРЕН СОБИР И ЗДРУЖУВАЊЕ

## МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ СТАНДАРДИ И ПРАКТИКА

Институт за човекови права

# ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА МИСЛА И ИЗРАЗУВАЊЕ И СЛОБОДА НА МИРЕН СОБИР И ЗДРУЖУВАЊЕ – МЕЃУНАРОДНИ И ДОМАШНИ СТАНДАРДИ И ПРАКТИКА

Декември 2010

Автори:

**ДОНЧЕ БОШКОВСКИ**

**МАРГАРИТА ЦАЦА-НИКОЛОВСКА**

Печати:

**БАТО & ДИВАЈН** – графички центар

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.727/.729:341.24
342.727/.729:340.13(497.7)

БОШКОВСКИ, Донче
Правото на слобода на мисла и изразување и слобода на мирен собир и здружување : меѓународни и домашни стандарди и практика / Донче Бошковски, Маргарита Цаца-Николовска. - Скопје : Институт за човекови права, 2010. - 37 стр. ; 21 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-65230-0-8
1. Цаца-Николовска, Маргарита [автор]
а) Слобода на мисла и изразување - Меѓународни стандарди б) Слобода на мисла и изразување - Законодавство - Македонија в) Слобода на мирен собири здружување - Меѓународни стандарди г) Слобода на мирен собири здружување - Законодавство - Македонија
COBISS.MK-ID 85985802

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ИНСТИТУТ
SOCIETY ОТВОРЕНО
INSTITUTE ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

**Оваа публикација е изработена во рамки на спроведувањето на проектот “Слобода наместо страв: Заштита на правото на мирно собирање и изразување јавен протест”, финансиски поддржан од Фондацијата - Институт отворено општество Македонија (ФИООМ).*

Институт за човекови права

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД**............................................................................................ 07

**ЦЕЛ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА** ........................................................................ 09

**МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ СТАНДАРДИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА МИСЛЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРАВОТО НА МИРЕН ПРОТЕСТ И ЗДРУЖУВАЊЕ** ........................................................ 11

**СОДРЖИНА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА СОГЛАСНО СО ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА** ........................................ 15

**Право на слобода на мисла без вмешување**.............................. 15
**Право на мирен протест и заштита на протестите – контрадемонстрации** .......................................................... 16
А. Улогата на државата во заштитата на мирниот собир ........................................................ 16
Б. Контрадемонстрации ....................................................... 17

**Право на здружување** ...................................................................... 18
**Дозволени основи за ограничување на правата**.......................... 19
А. Дозволени основи за ограничување на правото на слобода на мисла и изразување......................................... 19
Б. Дозволени основи за ограничување на правото на мирен собир и слободата на здружување....................... 20

**Одговорноста на државата: позитивни обврски** ......................... 23
**Односот помеѓу правото на слобода на мислење и изразување и правото на мирен собир со другите човекови права**.................................................... 24

**ДОМАШНА ПРАВНА РАМКА**....................................................................... 27

**Устав на Република Македонија**.................................................... 28
**Законска рамка**......................................................................... 28

**МЕЃУНАРОДНИ МЕХАНИЗМИ НА ЗАШТИТА** ............................................. 35

**А. Универзални тела** ................................................................ 35
А.1. Комитет за човекови права на ОН .................................. 35
А.2. Совет за човекови права на Обединетите нации и Специјален известувач за промоција и заштита на правото на слобода на мислење и изразување .......... 39

**Б. Регионални тела** ................................................................ 43
Б.1. Советот на Европа и Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) ............................................................... 43

**ДОМАШНИ МЕХАНИЗМИ НА ЗАШТИТА** .............................................. 53

**Уставен суд на Република Македонија**........................................ 53
**Редовни судови**.......................................................................... 55
**Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот** ........................................................ 57
**Народен правобранител** ............................................................ 58

**ЗА ИЗДАВАЧОТ** ............................................................................. 60

# КРАТЕНКИ

ЕКЧП – Европска конвенција за човековите права

ЕСЧП – Европски суд за човекови права

КЗ – Кривичен законик на Република Македонија

КЧП – Комитет за човекови права на Обединетите нации

МПГПП – Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права

# ВОВЕД

Слободата на сопствена мисла и изразување е клуч во развојот, неприкосновеноста и независноста на секоја индивидуа. Преку слободно заземање ставови по определени теми и преку слободна размена на идеи и информации со другите, луѓето можат подобро да се разберат самите себе и својата околина. Ова право уште повеќе им ја зголемува личната сигурност, но и безбедноста и почитта кон државата.

Слободата на изразување промовира и добро владеење, а со тоа што засегнатите лица јавно и јасно ќе го искажат својот став и/или негодување со определена одлука на државните власти, придонесуваат кон јакнење на принципот на добро владеење во една држава. На тој начин власта станува свесна за одредени проблеми за кои луѓето бараат од државата одлучна акција и со самото тоа и се дава шанса соодветно да реагира и да преземе мерки со кои би ги надминала посочените теми и проблеми.

**Слободата на информации е фундаментално човеково право и претставува основа за сите други права и слободи на кои им се посветуваат Обединетите нации.[1]**

Во една од првите резолуции на ОН за прв пат слободата на мисла и изразување е именувана како слобода на информации, со што јасно се става до знаење значењето кое во натамошниот развој на меѓународното право и стандарди ќе го има оваа слобода, а во насока на промовирање мир и напредок во светот.

[1] UN, G.A. Resolution 59(I), 14 Dec. 1946.

Една од алатките преку кои граѓаните можат да го реализираат правото на слобода на мисла е и остварувањето на правото на слобода на здружување, јавен собир и мирен протест. Оваа слобода на собир без претходна дозвола и без какво било вмешување или попречување е симбол на нивото на развој на демократијата и слободата во едно општество и токму затоа претставува едно од највисоко вреднуваните човекови права. Преку ова право и колективното изразување и искажување на одредени ставови, мислења и промовирање на заеднички интереси доаѓа до континуиран тек на јавната дебата и размена на мислења, што понатаму води кон еден суштински развој и прогрес во општеството.

Цел на ова право, меѓу другото, е и овозможување простор за јакнење на граѓанското општество и на политичката свест со тоа што им овозможува арена на луѓето да ги искажат различните ставови, вредности или убедувања, како и платформа преку која истите можат да бидат слушнати од пошироката јавност.[2]

[2] Freedom of Assembly and Association Under the European Convention on Human Rights (Article 11), Interights Manual for Lawyers; Interights 2007, pg.8

## ЦЕЛ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА

Со издавањето на оваа публикација Институтот за човекови права има цел на стручната и на пошироката јавност да и ги презентира релевантните меѓународни стандарди и домашните прописи кои регулираат две основни човекови права, постулати врз чија основа се гради, се развива и се мери напредокот на едно демократско општество.

Институтот сака да го сврти вниманието на јавноста кон правата, обврските и ограничувањата што произлегуваат при остварувањето на правото на слобода на мисла и изразување и на правото на мирен собир преку запознавање со релевентните одредби, со судската практика на меѓународните тела за човекови права и со домашните и меѓународните механизми преку кои може да ја оствари заштитата на своето право.

Институт за човекови права

# МЕЃУНАРОДНО-ПРАВНИ СТАНДАРДИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРАВОТО НА СЛОБОДА НА МИСЛЕЊЕ И ИЗРАЗУВАЊЕ И ПРАВОТО НА МИРЕН ПРОТЕСТ И ЗДРУЖУВАЊЕ

## Универзална декларација за човековите права

**Член 19**

*Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиумите и без оглед на границите.*

**Член 20, став 1**

*Секој има право на слобода на мирно собирање и здружување.*

## Меѓународен пакт за граѓанските и политичките права

**Член 19**

*1. Секој има право на мислење без вмешување;*
*2. Секој ќе има право на слобода на изразување; ова право ќе вклучува слобода на барање, примање и поделување информации и идеи од каков било вид, без оглед на ограничувањата, било усно, било писмено или печатено, во форма на уметност, преку кој било друг медиум по негов избор.*
*3. Уживањето на правото обезбедено со став 2 од овој член носи со себе посебни должности и одговорности. Ова право може да биде предмет на одредени ограничувања коишто треба да се обезбедени со закон и да се неопходни:*
*а) почитување на правата или угледот на други лица;*

*б) за заштитата на државната безбедност или на јавниот ред, или на јавното здравје или морал.*

**Член 21**

*Се признава правото на мирно собирање. Извршувањето на ова право може да биде предмет само на ограничувања наметнати во согласност со закон, а кои се неопходни во едно демократско општество во интерес на државната безбедност, на јавната безбедност, на јавниот ред, заради заштита на здравјето на другите, на моралот или на правата и слободите на другите лица.*

**Меѓународен пакт за економските, социјалните и културните права**

**Член 8, став 1(д):**

*1. Државите членки на овој пакт се обврзуваат да го обезбедат:*
*(д) правото на штрајк, кое се остварува според законите на секоја земја.*

**Европска конвенција за човековите права**

**Член 10**

*1. Секој човек има право на слобода на изразување. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да им наметнуваат режим на дозволи за работа на претпријатијата за радио, филм и телевизија.*
*2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на*

*редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.*

**Член 11**

*1. Секој човек има право на слобода на мирно собирање и здружување со други, вклучувајќи го и правото да основа синдикати и да им се придружува на синдикатите за заштита на своите интереси.*
*2. Остварувањето на овие права може да биде ограничено само со законски мерки коишто во едно демократско општество се неопходни за националната безбедност, за јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на злосторства, заштитата на здравјето или моралот или за заштитата на правата и слободите на други. Со овој член не се забранува наметнување законски ограничувања за припадниците на оружените сили, полицијата или државната администрација.*

**Документ на ОБСЕ, Копенхаген 1990**

*9.2 Секое лице има право на мирно собирање и демонстрации. Секое евентуално ограничување во остварувањето на овие права се пропишува со закон и во согласност со меѓународните стандарди*.

**Повелба на фундаменталните права на Европската унија**

**Член 11**

**Слобода на изразување и информација**
*1. Секој има право на слобода на изразување. Ова право вклучува и слобода на мислење и на прием и споделување на информации и идеи без вмешување на државните власти и без разлика на границите.*
*2. Слободата и плурализмот на медимуте ќе бидат почитувани*.

**Член 12**

**Слобода на собир и здружување**

*1. Секој има право на слобода на мирен собир и слобода на здружување во сите области, особено во политичката, синдикалната и граѓанската област, од што призлегува правото на секој да формира и да пристапи кон синдикални организации со цел заштита на своите интереси.*

**Конвенции на Меѓународната организација на трудот (МОТ):**

***Конвенција бр.87 – Слобода на здружување и заштита на правото на организирање собири, 1948**

**Член 2**

*Работниците и работодавачаите, без разлика по која било основа, имаат право да основаат и, во согласност со правилата на соодветната организација, да членуваат во организации по сопствен избор, без претходно одобрение.*

***Конвенција бр. 135 – Конвенција за претставување на работниците, 1971**

**Член 1**

*Претставниците на работниците во спроведувањето на своите активности ќе уживаат ефективна заштита од каков било штетен акт на предрасуда кон нив, вклучувајќи и отпуштање од работа, согласно со нивниот статус или дејствија како претставници на работниците или како членови на синдикатот или со учество во синдикални активности се додека нивните дејствија се во согласност со постоечките закони, со колективните договори или со други заеднички утврдени прописи.*

# СОДРЖИНА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА СОГЛАСНО СО ИНСТРУМЕНТИТЕ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## Право на слобода на мисла без вмешување

Правото на слобода на мисла и изразување во својот опсег е мошне широко поставено. Може слободно да се каже дека има неколку аспекти, меѓутоа основата на сите тие аспекти е содржината на правото, а тоа е правото на мислење, поточно слободата при формирањето на сопствено мислење.

**Слободата на сопствено мислење му припаѓа на секој, без разлика на степенот на образование, расата, полот, јазикот, религијата, политичкото или друго уверување, етничкото или општественото потекло, сопственоста или друг статус.**

И Универзалната декларација за човековите права и МПГПП го гарантираат правото на слобода на сопствено мислење, без вмешување, како апсолутно право чие уживање државата не може да го ограничи, со што јасно се прави разлика помеѓу суштината на ова право и формите на неговото изразување и користење. Оттука, самото право не може во ниту еден случај да биде ограничено согласно со условите за ограничување кои ги пропишува МПГПП.

Согласно со ЕКЧП, во член 10 ЕКЧП ја заштитува слободата на изразување. Оваа слобода во себе го содржи и правото на слобода на сопствено мислење, поточно правото да се има изградено мислење по одредени теми и прашања без вмешување од кого било. Иако не е изрично дефинирано со Конвенцијата, согласно со јуриспруденцијата на судот правото на сопствено мислење се гарантира како апсолутно право. Со тоа

ограничувањата од ставот 2 на член 10 не се однесуваат на ова основно човеково право на слобода на сопствено мислење.

Оваа слобода во себе содржи и негативна слобода, поточно никој не може друг да принуди на одредено мислење или искажување/изразување на тоа мислење.[3] Во прилог на ова е и структурата на ставот 2 од член 10, каде експлицитно се појаснува дека ниту самото постоење на правото, ниту самата содржина на правото на слобода на мислење, туку неговото користење и изразување може да биде ограничено со други услови.

**Право на мирен протест и заштита на протестите – контрадемонстрации**

Правото на слобода на мирен собир е фундаментално човеково право кое може да се ужива и да се практикува од индивидуи и групи, регистрирани и нерегистрирани здруженија, правни лица и сл. Во најголем број случаи, во современите демократски општества ова право е тесно поврзано и испреплетено со правото на слобода на мисла и изразување и им служи на граѓаните да го изразат своето малцинско различно мислење, видување или укажување, со што придонесуваат кон јакнење на демократските процеси и коригирање на определен владин став или неправда.

**А. Улогата на државата во заштитата на мирниот собир**

- Само мирниот и ненасилен протест ужива заштита од државата – секоја друга ситуација што излегува од рамките на мирното изразување на мислењето и со која се повредува законот или привремено ги попречува или им пречи на другите во остварувањето на нивните активности ќе се смета дека не влегува во доменот на заштита;.

[3] Маковеи Моника, Водич за имплементација на член 10 од Европската Конвенција за човековите права, Совет на Европа, 2001, стр.10-11

- Како едно од основните фундаментални права, ова право треба да им овозможи на лицата слободно, преку мирен собир, да го остварат правото на слобода на изразување во врска со сето она што не е експлицитно забрането во позитивно-правните прописи.

- За остварувањето на ова право од лицата не треба да се бара да обезбедат посебна дозвола.

### Б. Контрадемонстрации

Контрадемонстрациите се облик на паралелен собир на кој учесниците сакаат да го изразат совето негодување со ставовите и мислењето кои се искажуваат на друг мирен протест.

**Правото на контрадемонстрации не смее во едно демократско општество да го загрози правото на мирен протест на другите.**

Најважно за контрадемонстрациите е дека улогата на државата не смее да се сведе на обврска и да не се вмешува – негативниот принцип на воздржување од преземање на дејствија е во спротивност со целта на заштитата на правото, согласно со ЕКЧП и другите меѓународни документи.[4]

**Државата мора да го заштити правото на мирен протест и да осигура дека двата процеса течат паралелно и независно еден од друг со тоа што државата при вакви ситуации мора да обезбеди соодветни превентивни мерки со цел да не дојде до попречување на правото на мирен протест од оние кои организираат контрадемонстрации.**

[4] *Plattform Arzte fur das leben v Austria;* пресуда на ЕСЧП од 21 јуни 1988, ст.32

**Право на здружување**

Правото на здружување им дозволува на поединците да се организираат и да се здружат со цел дејствување заради остварување на заеднички интереси како што се политика, спорт, култура, хуманитарни цели и сл. Не секое здружување влегува под заштита на МПГПП и ЕКЧП, туку само она кое има организиран или институционален карактер, за кое може да се каже дека некој припаѓа или со чија активност и цел некој може да се поврзе.

Мошне значајно е тоа дека концептот на здружување, согласно со ЕКЧП, има автономно значење, поточно независно од неговото дефинирање во националното право – Европскиот суд, преку практиката, по членот 11 од ЕКЧП има усвоено една поширока дефиниција во врска со тоа што се` влегува во опсегот на ова право.

Правото на формирање и организирање во синдикални организации влегува во опсегот на заштита на правото на здружување. Ова право вклучува позитивна обврска на државата за заштита, преку соодветни законски интервенции, на синдикалните права на работниците во приватниот сектор, како и на оние вработени во јавната сфера.[5]

Иако единствено синдикалните организации се експлицитно наведени во член 11 од ЕКЧП, судот јасно ставил до знаење дека во принцип ниту една форма на здружување не се исклучува од заштита на член 11. Посебно, во неколку предмети, судот утврдил дека политичките партии, како форма на здружување со цел остварување на политички цели, играат неспорно голема улога во едно демократско општество, па затоа и тие спаѓаат во доменот на дефиницијата “здружување” заштитено со член 11 од ЕКЧП.[6]

[5] Ovey C. and White R.; The European Convention on Human Rights; Oxford University Press, Fourth Ed. 2008; pg. 339
[6] Freedom of Assembly and Association Under the European Convention on Human Rights (Article 11), Interights Manual for Lawyers; Interights 2007, pg. 15

## Дозволени основи за ограничување на правата

### А. Дозволени основи за ограничување на правото на слобода на мисла и изразување

Сите инструменти за човекови права, повеќе или помалку, ги предвиделе истите основи за ограничување на ова право, како и истиот трипартитен тест за утврдување на потребата и законитоста од наметнувањето на таквите рестрикции врз уживањето на правото на слобода на мисла и изразување. Така, овој тест подразбира (1) дека секое ограничување мора да биде пропишано со закон; (2) дека мора да биде во насока на остварување на некоја од предвидените легитимни цели; и (3) дека мора да биде неопходна во едно демократско општество.

Кога станува збор за првиот услов, јазикот во законот мора да биде доволно прецизен така што ќе му овозможи на секој поединец увид во тоа дали неговото однесување би било во рамки на дозволеното или пак би значело кршење на законските одредби. Затоа од законодавецот се бара да употребува јасни термини и дефиниции во домашната легислатива, така што законот би бил разбирлив за секого и би бил лесно применлив.

Постојат одредени разлики во тоа како се поставени легитимните цели во МПГПП и во ЕКЧП, согласно со кои може да се ограничи правото на граѓаните на слобода на изразување. Пактот е потесно поставен на дозволените цели, и тој, меѓу другото, дозволува огранчување заради заштита на правата и угледот на другите, на национална безбедност, на јавниот ред или на заштитата на здравјето на другите, на моралот. ЕКЧП е поконкретна во определувањето на легитимните цели и, покрај погоренаведените, како дозволени ги определува и заштитата на територијалниот интегритет и безбедноста на другите, доверливоста на информациите добиени во доверба, и што е многу важно во едно демократско општество, авторитетот и независноста на судството, поточно ограничувањата се можни во оние случаи кога непристрасноста и

независноста на третиот државен столб може да биде доведена во прашање, а со самото тоа и демократските капацитети на земјата.[7]

Ваквите ограничувања, покрај тоа што мора да ја следат легитимната цел, мора да бидат и неопходни во едно демократско општество, но и пропорционални во дејствието што ќе го предизвикаат. Мислењата искажани од новинари преку медиумите некогаш дури може да имаат и навредувачки тон или да осудат некого за некоја своја постапка, но сепак луѓето кои се вклучени во политичкиот и/или во јавниот живот на земјата се подложни на една поширока дебата во јавноста. Имајќи ја тука предвид основната идеја на правото на слобода на изразување, а тоа е да биде носечки столб на процесите на демократија, јавните личности треба да очекуваат да бидат подложени и да прифатат и појаки тонови и посилни критики упатени на нивна сметка.

Говорот на омраза не спаѓа во опсегот на заштита под ова право. Јуриспруденциите на Комитетот за човекови права и на Европскиот суд за човекови права се јасни кога станува збор за ширење омраза. Во такви ситуации граѓаните, а особено новинарите, имаат посебна обврска и одговорност да бидат претпазливи, бидејќи многу лесно може да станат алатка преку која се сее и се шири омраза и/или насилство.[8]

### Б. Дозволени основи за ограничување на правото на мирен собир и слободата на здружување

Двата меѓународно-правни документа кои го регулираат ова право, согласно со законите за нивна ратификација, претставуваат составен дел од нашиот домашен правен систем (МПГПП и ЕКЧП), имаат предвидено и основи, согласно со кои се ограничува и правото на мирен собир, доколку истите се (1) донесени врз основа на закон, (2) неопходни во едно демократско општество и во интерес на заштита на националната

[7] The ARTICLE 19 Freedom of Expression Handbook; 1993, pg.16
[8] Ovey C. and White R.; The European Convention on Human Rights; Oxford University Press, Fourth Ed. 2008; pg. 321

Институт за човекови права

безбедност или јавната безбедност, јавниот поредок, заштита на здравјето на другите или моралот или заштитата на правата и слободите на другите.

Веднаш се забележува дека листата на дозволени основи кај правото на мирен собир е значително пократка, споредено со правото на слобода на мислење и изразување. Отсуствуваат добар дел од основите, како заштита на угледот и правата на другите (заменето со заштита на правата и слободите на другите), но сепак треба да се има предвид дека основите за исклучување наведени кај правото на слобода на изразување се основи карактеристични за содржината на тоа право (објавување на информации, доверливост, угледот на граѓаните), па и затоа основите кај правото на мирен собир се пошироко поставени.

Значајно е уште да се спомене и тоа дека додека МПГПП не содржи одредба со која се овозможуваат законски ограничувања кога станува збор за остварувањето на правото на мирен собир од припадниците на армиските сили и полицијата, додека кај ЕКЧП оваа одредба е пресликана и кај правото на мирен собир за истата категорија граѓани.

Сите ограничувања на правото на слобода на мислата и изразувањето и на правото на мирен собир и здружување мора да се во согласност со принципот на пропорционалност, поточно мора да постои рамнотежа помеѓу природата и опсегот на ограничувањето и целта која се сака да се заштити со таа интервенција од страна на државата.

**Пример на ограничување на правата и примена на тестот**

*Рос против Канада (Ross v. Canada)*, Предмет бр. 736/1997, 1 мај, 1996[9]

Овој предмет илустрирано ни покажува како меѓународните тела за заштита на човековите права ги толкуваат основите за ограничување на правото и како го применуваат т.н. трипартитен тест.

[9] UN Doc. CCPR/C/70/D/736/1997. para.11.1

Господинот Рос бил учител во Канада – во периодот меѓу 1976 и 1991 бил автор на неколку публикации и јавно презентирал свое мислење, вклучително и преку телевизиските екрани, во кое изнел контроверзни ставови за конфликтот меѓу еврејството и христијанството и слични теми. Родител на ученик, од евреjско потекло, кое одело во друго училиште, меѓутоа во истата област каде предавал г. Рос, поднел жалба до локалните власти наведувајќи дека училишниот одбор, со тоа што не презел никакви чекори против активностите на г. Рос, постапил спротивно на обврските да се спротивстави и да се бори против дискриминацијата на Евреите и дека со тоа придонеле кон зголемување на атмосферата на заплашување на децата Евреи во таа област. Господинот Рос бил префрлен на друга позиција и бил исклучен од процесот на предавање, а соодветно на тоа му биле доверени други работни задачи.

Првото прашање што Комитетот го разгледувал било дали имало ограничување на правото на слобода на мислење и изразување имајќи ја предвид одлуката на училишниот одбор, потврдена од Врховниот суд на Канада. Губењето на правото да им предава на учениците претставува голема загуба за личноста на господинот Рос. Оваа ситуација му е наметната на господинот Рос заради искажување на неговите ставови, па од тој аспект има ограничување на правото кое мора да биде соодветно образложено и оправдано.

Следно, Комитетот, испитувајќи дали ограничувањето е **пропишано со позитивното право** на земјата, утврдил дека постои правна рамка за постапката која довела до негово отстранување од позицијата учител и до доделување други работни задачи. Имајќи предвид дека Врховниот суд на Канада веќе се произнел по ова прашање, не е цел на Комитетот да прави повторна евалуација на наодите на Врховниот суд, и соодветно смета дека ограничувањето е предвидено со закон.

Проценувајќи дали ограничувањата на правото на слобода на изразување на господинот Рос се применети во согласност со предвидените **легитимни**

**цели,** утврдени со МПГПП, Комитетот заклучил дека ограничувањата кои му биле наметнати биле со цел заштита на правата или угледот на лицата со еврејско потекло и со верска припадност.

Конечното прашање по кое се признел Комитетот било дали истото ограничување на правото на господинот Рос било **неопходно** со цел да се заштитат правата или угледот на оваа категорија луѓе. Испитувајќи ја оваа основа Комитетот заклучил дека отстранувањето на господинот Рос од процесот на предавање се смета како ограничување кое е неопходно со цел да се заштити правото на децата Евреи да се образуваат во школски ситем ослободен од предрасуди и нетолеранција.

Затоа, во конкретниов случај немало повреда на правото на слобода на мислењето и изразувањето на подносителот на жалбата.

### Одговорноста на државата: позитивни обврски

Државата нема само негативни обврски кога станува збор за заштитата на овие права, поточно не може обврската да се сведе на невмешување во уживањето на правата, туку спротивното, истата има позитивна обврска активно да ги штити правото на слобода на мисла и изразување и правото на мирен собир и здружување и тоа треба експлицитно да биде утврдено со домашното законодавство. Државата има одговорност за непречено остварување на овие права од страна на граѓаните.

Кога станува збор за мирните собири, позитивната улога бара од државата да им ја гарантира безбедноста и да ги штити интересите на учесниците на таквиот собир или протест, и тоа од било која група или лице (вклучувајќи ги тука агентите провокатори и контрадемонстраторите) кои на кој било начин пробуваат да го нарушат текот на настанот, да го прекинат

ненасилниот и мирен тек на протестот и/или да го попречат неговото одржување во целост.[10]

Значајно е да се напомене дека во позитивните обврски на државата влегуваат и финанските трошоци поврзани со непреченото остварување и уживање на ова право, како и трошоците во врска со одржувањето на јавниот ред, на државната безбедност и сл. Така на пример, кога станува збор за организирање мирен протест, државата е таа која би требало да ги покрие трошоците во врска со регулирањето на сообраќајот, редовното или прекувременото ангажирање на силите за одржување на јавниот ред и поредок, првата помош и сл. Зависно од домашните законодавства препорачливо е државата, во координација со локалните власти, да биде целосно одговорна и за чистењето на просторот по одржувањето на собирот.[11] Доколку би било потребно организаторот да ги преземе сите овие трошоци тогаш би се довело до ситуација во која финаниските средства би претставувале дополнителен товар на оргнизаторот кој истите не би можел да ги обезбеди, а со самото тоа би се попречило и остварувањето на правото на мирен собир. Затоа се смета дека ваквото наметнување на дополнителни трошоци е во директна спротивност и е непропорционално со суштината на правото на мирен собир.

**Односот помеѓу правото на слобода на мислење и изразување и правото на мирен собир со другите човекови права**

Релациите кои се јавуваат помеѓу правото на слобода на мисла и изразување и правото на мирен протест и здружување се само потврда на фактот дека човековите права мора секогаш да се гледаат низ призмата на меѓусебната поврзаност, зависност и неделивост.

[10] OSCE/ODIHR – Venice Commission Guidelines On Freedom Of Peaceful Asembly (2nd edition), para..31-32
[11] OSCE/ODIHR – Venice Commission Guidelines On Freedom Of Peaceful Asembly (2nd edition), para..32

Тие се исто така меѓусебно поврзани и со другите основни човекови права, но и преку основното начело на недискриминација, поточно дискриминирањето на одредена индивидуа или група по некоја основа повлекува и можна повреда на некое од овие две права. На пример, доколку на една малцинска религиозна група не и се дозволува практикување на религијата или учество на проповеди и религиски собири, тогаш се смета дека на членовите на таа група им е повредено пратото на слобода на религиско убедување и истите се дискриминирани поради своето верување. Ваквата повреда во реалноста може да значи дека на членовите им е ограничено и правото на слобода на изразување – нивните религиски водачи нема да можат да проповедаат ниту да ги печатат и да ги делат религиските материјали, а од друга страна би значело и повреда на правото на мирен собир и здружување – не им се дозоволува мирно да се собираат со цел изразување на своето уверување, ниту да се здружуваат во религиска заедница.

Тука уште еднаш се потврдува значењето на правото на слобода на мислење и изразување за развој и напредок на едно демократско општество кое се гледа преку фактот дека ова право е тесно поврзано со правото на мирен протест и слобода на здружување, слободата на уверување, совест и религија и правото на учество во јавниот живот. Затоа ефективното уживање и користење на ова фундаментално право на граѓаните е јасен индиктор за степенот на демократски развој на едно општество и нивото на почитување и заштита на другите човекови права.[12]

[12] UN docs; A/HRC/14/23; Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, Mr. Frank La Rue, para.27

# ДОМАШНА ПРАВНА РАМКА

## Устав на Република Македонија

Нашиот Устав во член 16 го гарантира правото на слобода на уверување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Понатаму, Уставот ја заштитува слободата на говорот, јавното информирање, како и слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување информации.

Во член 20 на граѓаните им се гарантира слободата на здружување заради остварување и заштита на нивните политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања. На граѓаните им се дава слобода да основаат здруженија на граѓани и политички партии, да пристапуваат кон нив и од нив да истапуваат. Со членот 21 на граѓаните им се дава правото мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.

Нашиот уставотворец мошне широко го поставил опсегот на правата кои се предмет на разгледување на оваа публикација, сепак, согласно со член 54, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот. Анти-дискриминаторската клаузула од членот 54 забранува ограничувањето на слободите и правата да биде по основ на пол, раса, боја на кожа, јазик, вера, национално или социјално потекло, имотна или општествена положба. Исто така, нашиот Устав, во согласност со меѓународните стандарди, во редот на апсолутните права го сместил и правото на слобода на мислата, што значи дека ограничувањата не може да се однесуваат на суштината на ова право.

Имајќи предвид дека согласно со член 118 од Уставот меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се

дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон, на нашиот законодавец му се остава простор правото на слобода на мисла и изразување и на правото на мирен собир и здружување, особено имајќи ги предвид основите за нивно ограничување, да ги усогласи со одбредбите од МПГПП и ЕКЧП кон кои пристапила Република Македонија и кои соодветно се применливи во нашиот правен систем.

## Законска рамка

Што се однесува до законските акти кои допираат на некој начин во уредувањето на остварувањето и ограничувањето на овие права, би ги издвоиле Кривичниот Законик (во делот на регулирањето на кривичните дела клевета, навреда и неказнувањето на овие кривични дела под определни услови), Законот за здруженија на граѓани и фондации, Законот за јавни собири и Законот за јавен ред и мир.

### Кривичен Законик

Во делот на кривично-правната област нашиот законодавец ги има сместено и делата клевета и навреда, кои честопати се јавуваат во врска со остварувањето на правото на слобода на мисла и изразување. Нашата практика покажува голем број  судски предмети против новинари токму за овие две кривични дела, па соодветно, од релевантни меѓунродни организации и тела неколку пати беше побарано од нашиот законодавец да интервенира во оваа област во насока на отстранување на казната затвор и/или целосна декриминализација на делата клевета и навреда.

Така, согласно со нашиот КЗ и интервенциите во овој законик од 2006 година, во делата клевета и навреда, тој што за друг изнесува или пронесува нешто невистинито што е штетно за неговата чест и углед, ќе се казни само со парична казна, а само квалификуваниот облик на ова дело може да донесе и казна затвор од три месеци до три години (член 172, ст.1 и 2 - **Клевета**). Исто така тој што ќе навреди друг, ќе се казни само со

Институт за човекови права

парична казна, а доколку друг јавно ќе изложи на подбив по пат на компјутерски систем поради неговата припадност на група која се разликува според расата, бојата на кожата, националната припадност или етничкото потекло, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година. (член 173, ст. 1 и 2 – **Навреда**).

Согласно со членот 176 нема да се казни тој што навредливо ќе се изрази за друг во, меѓудругото, и вршењето на новинарска професија или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако од начинот на изразувањето или од другите околности на делото произлегува дека тоа нема значење на навреда или не предизвикало значителна повреда на честа и угледот на личноста. Согласно со ставот 2 нема да се казни за клевета тој што известува за нешто што е јавно соопштено од друг, како и тој на кого му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информациите, на кое се повикува во својата одбрана.

Во делот на незаконско интервенирање во остварувањето на правото на мирен собир, нашиот законодавец предвидел соодветна кривична санција. Така, со членот 155 од КЗ **(Спречување или смеќавање јавен собир)** тој што со сила, сериозна закана, измама или на друг начин ќе спречи или ќе смеќава свикување или одржување мирен јавен собир, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

Кога станува збор за попречување на остварувањето на правото на штрајк, нашиот законодавец, со членот 156 **(Повреда на правото на штрајк),** предвидел дека тој што на друг со сила или сериозна закана ќе му го одземе или ќе му го ограничи правото на штрајк, ќе се казни со парична казна или со затвор до една година.

**Законот за здруженија на граѓани и фондации**

Во Законот за здруженија на граѓани и фондации со членот 3 е утврдено дека правото на слободно здружување се остварува преку здружување во здруженија, фондации, сојузи и организациони облици на странски организации. Секоја организација нема да биде регистрирана, односно се забранува основање на организација ако програмата и нејзиното дејствување е насочено кон насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, поттикнување и повикување на воена агресија и разгорување на национална, расна или верска омраза или нетрпеливост презема активности поврзани со тероризам, преземање активности кои се спротивни на Уставот или закон и со кои се повредуваат слободите и правата на други лица. Истите забрани важат и за текот на работата на организацијата, па доколку не се почитуваат може да се поведе постапка за забрана на работата на организацијата пред јавниот обвинител (членови 65 и 66 од Законот).

**Законот за работните односи**

Во Република Македонија штрајкот е регулиран со Законот за работните односи со посебна глава. Штрајкот има за цел заштита на економските и социјалните права на работниците кои произлегуваат од работниот однос, а истиот мора да биде писмено најавен до работодавачот. Согласно со членот 239 од Законот, организирањето или учеството во штрајк кој е во согласност со одредбите на овој акон и колективен договор, не претставува повреда на договорот за вработување, па според тоа работникот не смее да биде ставен во понеповолна положба од другите работници поради организирање или учество во истиот. Негативното право на здружување, кога станува збор за учество во штрајкот, се огледува во фактот дека работникот не смее на кој било начин да биде присилен да учествува во штрајкот.

**Закон за јавни собири**

Со овој закон се уредува начинот на остварување на правото на граѓаните на јавно собирање заради мирно изразување на мислење и јавен протест. Согласно со законот, јавен собир е секое собирање на повеќе од 20 граѓани, на отворен или на затворен простор заради остварување на забавни, културни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски, спортски или слични интереси на граѓаните, организирани заради јавно изразување на мислење или протест.

Членот 4 е во директна спротивност со Препораките на Венецијанската комисија и ОБСЕ/ОДИХР околу трошоците во врска со организирањето на јавниот собир.[13] Имено, согласно со нашиот закон, доколку организаторот побара, а Министерството за внатрешни работи определи обезбедувањето на одржувањето на редот на јавниот собир да го врши полицијата, трошоците за тоа обезбедување ги поднесува организаторот (член 4). Според тоа со право се поставува прашањето како ќе го остваруваат ова уставно загарантирано право оние малцински или маргинализирани групи кои живеат на работ на општеството и кои честопати немаат финансиски средства со кои би ги покриле овие трошоци. Оваа ситуација дополнително би требало да биде анализирана и од призмата на опсегот на членот 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со кој се забранува секоја директна или индиректна дискриминација по основ на, меѓудругото, личен или општествен статус и имотен статус. Со член 4, став 3 се утврдува одговорноста на организаторот да го прекине одржувањето на јавниот собир доколку дојде до загрозување на животот и здравјето, безбедноста и личната сигурност на луѓето и имотот.

Ограничувањата на правото на јавен собир се таксативно наброени во член 6 од законот и истите се во согласност со меѓународно-правните барања и се однесуваат на случаи на загрозување на животот, здравјето,

[13] OSCE/ODIHR – Venice Commission Guidelines On Freedom Of Peaceful Asembly (2nd edition), para..32

безбедноста, личната сигурност и имотот на граѓаните; вршењето или поттикнувањето на вршење кривични дела утврдени со закон и загрозувањето на животната средина.

Доколку организаторот (физичко лице) на јавниот собир не ги преземе законските мерки за одржување на редот на собирот или не го прекине одржувањето на собирот, а дојде до загрозување на животот и здравјето, безбедноста и личната сигурност на учесниците или другите граѓани, тогаш истиот може да се казни за прекршок со глоба во износ од 510 до1.000 евра во денарска противвредност.

Безбедноста на граѓаните е во доменот на заштита на државата. Имено, и при организирање и одржување на вакви собири државата не смее да ја избегне позитивната обврска која произлегува од релевантните меѓународни документи и акти со кои се гарантира правото на живот и заштита на сигурноста и интегритетот на лицата под нејзина јурисдикција.

**Законот за прекршоците против јавниот ред и мир**

Со овој закон се утврдуваат прекршоците против јавниот ред и мир и прекршочните санкции. Од аспект на остварувањето на двете права кои се предмет на разгледување на оваа публикација овој закон треба да се гледа низ призмата на превентивно информирање на јавноста за тоа кои се’ дејствија се утврдени како прекршочни дејствија, а кои граѓаните би можеле и/или планирале да ги преземат при остварувањето на правото на слобода на изразување преку јавен собир.Така, сите оние кои јавно го изразуваат својот став или мислење или учествуваат на мирни јавни собири треба да бидат свесни дека не секоја форма на изразување е дозволива, па доколку со малтретирање, омаловажување, понижување и навредување на друг предизвикаат негодување на граѓаните, или ја загрозуваат нивната безбедност-ќе им се изрече глоба во износ од 200 до 500 евра, во денарска противвредност (член 10), предизвикаат или поттикнат друг на тепачка-ќе им се изрече глоба во износ од 300 до 500 евра, во денарска противвредност (член 11), а доколку на јавно место физички нападне друго

лице-ќе му се изрече глоба во износ од 600 до 800 евра, во денарска протввредност (член12). Мошне е битно при изрекувањето на глобите да се има предвид дека во секој индувидуален случај треба да се применува тестот во поглед на ценење на легитимната цел која се сакала да се постигне со ефектот од казната и неопходноста за нејзино изрекување.

**Други закони**

Покрај овие закони, во делот на регулација на медиумите, како еден од главните двигатели на демократските процеси и слободата на говорот треба да се има предвид и членот 4 од нашиот **Закон за радиодифузна дејност** каде јасно и недвосмислено се укажува на значењето на правото на слобода на мислење и изразување, поточно со вршењето на радиодифузната дејност се обезбедува слобода на јавното изразување на мислата, слобода на говорот, јавниот настап и јавното информирање.

Во делот на ограничувањето на правото на мирен собир, имајќи ги притоа и легитимните основи за ограничување кои произлегуваат од меѓународните документи, пред се од членот 11 ст.2 од ЕКЧП, како пример во нашето законодавство може да се наведе одредбата од **Законот за одбрана** (член 47) со која на воените лица им се забранува да присуствуваат и учествуваат на политички собири и манифестации во униформа, како и да манифестираат партиски обележја, симболи или други знаци на политички партии. Согласно со член 169 од истиот закон, глоба во износ од 400 до 1.000 евра, во денарска противвредност, ќе му се изрече на припадникот на армијата ако организира политичка партија или здружение на граѓани во армијата, или ако на политички собири и манифестации учествува во воена униформа или манифестира партиски обележја, симболи или други знаци на политички партии.

# МЕЃУНАРОДНИ МЕХАНИЗМИ НА ЗАШТИТА

## А. Универзални тела

**А.1. Комитет за човекови права на ОН –** претставува тело составено од независни проминентни експерти чија основна задача е мониторинг над спроведувањето на МПГПП од страна на државите членки кои истиот го имаат ратификувано и соодветно транспонирано во своите национални законодавства.

### Периодични извештаи

Членот 40 од МПГПП бара од државите кои пристапиле кон овој Пакт на секои 5 години да поднесуваат извештај до Комитетот за човекови права во кој ќе ги изложат мерките што ги усвоиле и презеле со цел граѓаните да можат да ги остваруваат и да уживаат во правата загарантирани со Пактот.

Кога накратко би го анализирале вториот периодичен извештај поднесен од Република Македонија[14] во делот на правата што ја засегаат оваа анализа, тоа што на прв поглед се забележува во извештајот, кога станува збор за членот 19 од МПГПП со кој за гарантира правото на слобода на изразување, е фактот дека нашата држава се фокусирала исклучиво на делот кој се однесува на остварување на ова право преку медиумите и слодобата на медиумите, а преку презентирање на новините од Законот за радиодифузна дејност, од ноември, 2005 година, а накратко ги презентира и новите законски решенија во делот на пристапот до информации. Сепак, ако се земат предвид насоките од Комитетот во однос на начинот на изготвување на периодичните извештаи, извештајот не треба да биде сведен на листа на опис на правните инструменти и механизми усвоени во

[14] UN Docs; CCPR/C/MKD/2; Consideration of reports submitted by states parties under article 40 of the Covenant; second periodic report - the Former Yugoslav Republic of Macedonia

земјата во претходниот период, туку треба да содржи информации не само во однос на *de jure*, туку и за *de facto* имплементација на одредбите на Пактот.[15] Во нашиов случај, државата исклучиво се фокусирала на објаснувањето на новите законски решенија и тоа исклучиво во делот на ставот 2 од членот 19, па оттука сметаме дека Република Македонија не ги испочитувала во целост дадените насоки во делот на известување по исполнувањето на обврските кои произлегуваат од членот 19 од МПГПП. Кога би се анализирала состојбата во делот на членот 21, кој го гарантира правото на мирен собир, тука државата воопшто не се ни потрудила да даде *de facto* известување, туку едноставно му укажала на Комитетет да се повика на претходниот извештај во кој е опишана состојбата во врска со правото на мирен собир.

Работната група при Комитетот за човекови права побарала дополнителни информации од државава во врска со спроведувањето на обврските по членот 19 од Пактот, особено во делот на обвиненијата, кривичниот прогон и санкционирањето на новинарите и уредниците, за на крајот, во ’заклучните опсервации’ да ги поздрави законските измени кои се однесуваат на декриминализацијата на делата клевета и навреда од нашиот КЗ, како правилни чекори кон обезбедување на слободата на мисла и говор, особено кога станува збор за улогата на новинарите и медиумите во општествените текови.[16]

Покрај разгледувањето на периодичните извештаи поднесени од државите членки, согласно со обврските кои произлегуваат со ратификацијата на МПГПП, Комитетот има право да постапува и по **индивидуални жалби (комуникации)** за повреда на правата од овој Пакт, меѓу другото и на правото заштитено со членот 19 – право на мисла и слобода на изразување. Оваа надлежност на Комитетот произлегува од

[15] HRI/GEN/2/Rev.5; Harmonized guidelines on reporting under the international human rights treaties, including guidelines on a core document and treaty-specific documents (HRI/MC/2006/3, issued on 10 May 2006), para.25

[16] UN Docs; CCPR/C/MKD/CO/2; Concluding Observartions of the Human Rights Committee, the Former Yugoslav Republic of Macedonia, 17 April 2008; para.6

Факултативниот протокол кон МПГПП, секако доколку истиот е потпишан и ратификуван од земјата во чија надлежност е поединецот кој сака да поднесе содветна комуникација до Комитетот. Иако Република Македонија го има ратификувано овој факултативен протокол, сепак бројот на комуникации на нашите граѓани до Комитетот е незначителен, дури и непостоечки. Треба да се има предвид развиениот европски систем на заштита на човековите права, преку востановениот Европски суд за човекови права, и супремацијата и предноста која тој систем, како регионален механизам, ја има во однос на универзалниот систем во рамки на ОН. Исто така, забележителен е и фактот дека граѓаните на нашава држава се далеку поинформирани за постапките и начинот на поднесување апликации и жалби пред овој регионален систем, отколку за постоењето и постапувањето на универзалниот систем за заштите на нивните права.

Комитетот ги разгледува поднесените жалби на посебни затворени сесии на кои сите документи имаат доверлив карактер. Само конечната одлука којашто се однесува на предметот е документ од јавен карактер. Значајно е тоа што Комитетот во итни и неодложни ситуации, согласно со своите правила, може да побара од државата да преземе итни времени мерки со цел да се спречи нанесување на непоправлива штета и повреда на правата по одреден предмет кој Комитетот го разгледува.

Основната разлика помеѓу *заклучните согледувања* до кои доаѓа Комитетот при разгледувањето на одпределена жалба и пресудите на ЕСЧП е во нивната правна сила и во извршувањето на истите, поточно одлуките на Комитетот немаат сила на пресуда на судски орган и не постои посебен механизам за нивно извршување, како што е случајот со пресудите на ЕСЧП.

Позначајни предмети од практиката на Комитетот која се однесува на правото на слобода на мисла и изразување и мирен собир:

**Пример 1- Колман против Австралија (Coleman v. Australia) бр.1157/2003**
Во овој предмет Комитетот одлучил дека лишувањето од слобода на подносителот на жалбата, неговата осуда и казна за држење говор во еден трговски центар, без претходно истиот да обезбеди соодветна дозвола, претставува повреда на неговото право на слобода на изразување, заштитето со чл.19, ст.2 од МПГПП. Државата во конкретниот случај не ги убедила членовите на Комитетот дека ограничувањата на правото биле неопходни, па дури и кога државата има воспоставено систем на претходна дозвола, тој систем не смее да противречи на обврските што произлегуваат ог членот 19 од Пактот. Комитетот утврдил дека авторот на комуникацијата држел јавен говор и изнел свое мислење на теми од општествен интерес и дека ништо не наговестува дека преку тој говор упатил закани, или на кој било друг начин го загрозил јавниот ред во трговскиот центар. Реакцијата од државата, која најпрвин го казнила со парична казна, која тој не ја платил, за потоа да биде лишен од слобода и затворен 5 дена како издржување на казната, е диспропорционална со дејствијата на Колман и претставува повреда на неговото право на слобода на мисла и изразување, согласно со МПГПП.

**Пример 2 – Бодрожиќ против Србија и Црна Гора (Bodrožić v. Serbia and Montenegro) бр.1180/2003**
Во овој предмет Комитетот решавал за тоа дали осудителната пресуда за клевета за напишана статија во весник претставува повреда на правото на слобода на изразување, вклучувајќи го тука и правото на пренос и споделување на информации. Комитетот утврдил дека државата нема приложено никакво образложение како потврда на тоа дека обвинението и осудителната пресуда на авторот на комуникацијата биле неопходни за заштита на правата и угледот на г Сегрт, кој во тоа време бил проминентна јавна и политичка личност. Имајќи ја предвид фактичката ситуација, за Комитетот било мошне тешко да утврди зошто наводите изнесени од новинарот претставуваат повреда на правата и угледот на г. Сегрт, дотолку повеќе што морала да биде изречена и кривична санкција. Комитетот и’ укажал на државата дека јавната дебата во едно демократско општество,

особено дебата која се води преку медиумите, а која се однесува на улогата на определени личности во политичкиот живот, има особено голема вредност и ужива високт степен на заштита, согласно со МПГПП. Затоа, изречената пресуда и казната за авторот на комуникацијате претставуваат повреда на членот 19 ст.2 од Пактот.

Исто така, Комитетот, во рамки на својата надлежност, изготвува и општи коментари низ кои го дава своето толкување на одредбите и опсегот на правата и обврските што произлегуваат од МПГПП. Така, во Општиот коментар 10 (во врска со членот 19 од МПГПП) Комитетот уште еднаш мошне јасно и недвосмислено ги потсетува државите-членки дека правото на мислење без вмешување е право кое Пактот го заштитува без какви било исклучоци или ограничувања. Комитетот понатаму вели дека: *"Кога една држава-договорна страна на овој пакт наметнува одредени ограничувања врз остварувањето на слободата на изразување, овие ограничувања не смеат да го загрозат самото право. Во однос на ограничувањата предвидени во чл.19, истите мора да бидат предвидени со закон и можат да бидат наметнати само за некоја од целите изложени во точките (а) и (б) од став 3 и мора да бидат оправдани како неопходни за таа држава-договорна страна за една од тие цели."*

**А.2. Совет за човекови права на Обединетите нации и Специјален известувач за промоција и заштита на правото на слобода на мислење и изразување**

**Совет за човекови права при ОН -** Со Резолуцијата бр.60/251, Генералното собрание на ОН, во 2006 г. го формираше Советот за човекови права. Овој Совет, составен од претставници од 47 земји-членки на ОН, има мандат да го промовира универзалното почитување на човековите права и фундаменталните слободи, без правење разлика по која било основа, и соодветно да одговори на ситуации на повреди на човековите права,

вклучувајќи и сериозни и системски повреди, за што би се произнел и со соодветни препораки и предлози.[17]

Во врска со правото на слобода на мисла и изразување и правото на јавен протест, Советот неколку пати соодветно реагирал, а најсвеж пример е *Резолуцијата 12/16* во која, реафирмирајќи го правото на слобода на мисла и изразување како една од основните темелни вредности врз кое се базира едно демократско општество, изразува длабока загриженост дека во секојдневието продолжуваат да се случуваат повреди на ова право, честопати проследени со неказнивост, противзаконито лишување од слобода, тортура, закани, малтретирање, насилство и дискриминација, зголемена злоупотреба на кривично-правните одредби за навреда и клевета, како и за набљудување, претрес и одземање предмети и цензура против лицата кои го уживаат, штитат или промовираат почитувањето на правото на слобода на мисла и изразување.[18] Затоа Советот отворено побара од земјите-членки да ги преземат сите неопходни мерки со цел да го сопрат кршењето на овие права и да овозможат услови за спречување на натамошната повреда на правото на слобода на мисла и изразувањето, како и да осигураат дека домашното законодавство што ја регулира оваа област е во целост усогласено со барањата што произлегуваат од меѓународното право за човекови права и ефикасно се применува во секојдневната практика. Советот отворено побара од земјите-членки на ОН да се воздржат од какво било ограничување на ова право, а кое не е во согласнот со меѓународно-правните стандарди и одредбите од МПГПП (чл.19, ст.3), особено кога станува збор за дискусии и критики за политиките на Владата и општествено-политички дебати, известувањето за човековите права, владини активности и корупција во државниот апарат, за вклучување и активно учество во изборни кампањи, мирни демонстрации, јавни протести или политички активности и др.[19]

[17] UN Docs; A/RES/60/251; Human Rights Council, Nov.2006
[18] UN Docs; A/HRC/RES/12/16. Freedom of opinion and expression. Oct.2009
[19] UN Docs; A/HRC/RES/12/16. Freedom of opinion and expression. Oct.2009, para. 5(p)1

Советот за човекови права е надлежен за спроведување на новиот т.н. процес на **’универзален периодичен преглед’**. Овој процес е единствен и оригинален и настојува преку преглед на целокупното досие за почитување на човековите права на една земја да извлече релевантни заклучоци и да даде соодветни препораки за целосно исполнување на обврските што произлегуваат од меѓународното право за човекови права, а со цел унапредување на ситуацијата со човековите права во таа земја. Од аспект на оваа анализа важно е да се има предвид дека првиот национален извештај поднесен од Република Македонија е разгледан и во текот на 2009 година се изготвени соодветни заклучоци и препораки . Претставници на неколку земји на сесијата пред претставниците од делегацијата на РМ како прашање за дискусија го покренаа и почитувањето на правото на слобода на мислење и изразување, особено во делот на пристап до информациите и слободата на медиумите. На крајот, по барање на Швајцарија, во препораките до нашата Влада влезена е и една генерална препорака со која се бара не само почитување на правото на слобода на мисла и изразување, туку и проактивен однос на државата, поточно преземање на сите потребни мерки со цел да се осигура непречената примена и уживање во ова право, како и да се спречи какво било мешање во слободата на медиумите.[20]

Како посебен специјален механизам на Комисијата за човекови права (денес Советот за човекови права), **Специјалниот известувач за промоција и заштита на правото на слобода на мислење и изразување** е воспоставен во 1993 година, а мандатот на истиот е продолжен од Советот за човекови права при ОН во 2008 година.

Имајќи ја предвид супремацијата на регионалниот пристап и ограничените информации кои се однесуваат на механизмите на ОН за промоција и заштита на човековите права и слободи особено е важно граѓаните на Република Македонија да бидат запознаени со неговите методи на работа. Имено, во рамки на својот мандат, специјалниот

[20] UN Docs; A/HRC/12/15, Universal Periodic Review – Report of the Working Group – The Former Yugoslav Republic of Macedonia, para.77(35)

известувач може да упати итни барања и писмо со намери до владите на земјите-членки на ОН во врска со наводното прекршување на ова право. Овие барања до владите во никој случај не посочуваат ниту наговестуваат некаква осуда или обвинение насочено против владата на државата, туку претставуваат барање за разјаснување на наводите, а во насока на обезбедување на почитување и натамошно промовирање на правото на слободата на мисла и изразување. За начинот на кој може да биде доставена информација до специјалниот известувач постојат соодветни насоки кои загрижените граѓани или медиуми можат да ги најдат на следниот линк, а постапката е од доверлив карактер. – http://www2.ohchr.org/english/issues/opinion/questionnaire.htm

Преку својата секојдневна работа-извештаи за посетата на определени земји- членки на ОН и годишните извештаи, специјалниот известувач редовно ги потсетува владите на земјите, дека, иако слободата на изразувањето не спаѓа во редот на апсолутните права загарантирани со МПГПП, сепак ограничувањата на ова право можат и треба да бидат искористени само во мошне исклучителни ситуации. Имајќи ги предвид одредбите од МПГПП кои се однесуваат на дерогацијата на определени права во определени ситуации и генералниот коментар на Комитетот за човекови права бр.29[21], специјалниот известувач укажува на потребата овие рестриктивни мерки да бидат со ограничена кратка временска употреба, предвидени во законот, неопходни за одржување на јавниот мир и безбедност, да имаат легитимна цел и секако да бидат во согласност со принципот на пропорционалност. Доколку еден од овие предуслови не е испочитуван, ќе се смета дека дошло до нарушување или до злоупотреба на ова право од државата-членка на ОН.[22]

Што се однесува до правото на мирен протест и здружување, Специјалниот известувач за заштита на правото на слобода на изразување

[21] UN Docs, CCPR/C/21/Rev.1/Add.11

[22] UN Docs, A/HRC/7/14; Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, Ambeyi Ligabo, para.49

во своите извештаи го потенцира големиот број комуникации кои стигнуваат до него во врска со прекумерната употреба на полициска сила во насока на спречување на одржување на демонстрации, штрајкови и други видови протести. Исто така, со загриженост забележува и други појави, како барање за претходно пријавување и нотификација за мирниот собир, преземање мерки за јавно одбележување и комеморација на значаен настан од историјата, лишување од слобода на студенти кои мирно демонстрирале барајќи почитување на нивното право на слобода на мисла и изразување без никакво ограничување и сл.[23]

### Б. Регионални тела

#### Б.1. Советот на Европа и Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)

**Советот на Европа** е меѓународна владина организација создадена во 1949 година со цел да воспостави поголемо единство помеѓу нејзините членки, а има задача заштита и реализација на принципите и идеалите кои се нивно заедничко наследство и олеснување на нивниот економски и општествен напредок.[24] Една од основните цели на оваа организација е и заштита на демократијата, владеењето на правото и човековите права.

Во 1950 година Советот на Европа ја носи **Европската конвенција за човекови права** која воедно се смета и за најзначајно достигнување на Советот во областа на заштита и промоција на човековите права не само во европскиот регион, туку и пошироко, во светски рамки. Со Конвенцијата е воспоставена меѓународна машинерија за нејзина имплементација со што им се овозможува на поединците да поднесат жалба за наводно прекршување на нивните права загарантирани со Конвенцијата доколку се искористени сите домашни правни средства. **Европскиот суд за човекови права** е органот задолжен за имплементација на Конвенцијата – неговата судска практика е жива материја која постојано еволуира и низ чија призма

[23] UN Docs, E/CN.4/2000/63; January 2000; Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression, Mr. Abid Hussain, submitted in accordance with Commission resolution 1999/36, para.38
[24]Art.1(a) of the Staute of the Council of Europe

секогаш мора да се гледаат, да се толкуваат и да се разбираат правата загарантирани со Конвенцијата.

Имајќи предвид дека судската практика на судот од Стразбур е далеку поразвиена и понапредна од останатите меѓународни тела за заштита на правата, а во врска со остварувањето на правото на слобода на мисла и изразување (загарантирано со членот 10 од Конвенцијата) и правото на мирен собир и слободата на здружување (загарантирани со членот 11 од Конвенцијата), следниве елементи кои ја сочинуваат содржината на правата, формата на изразување и ограничувањата на истите се значајни и треба да се имаат предвид:

- Слободата на изразување, заштитена со членот 10, не се однесува само на пишан или искажан став, туку и на замисли, слики и дејствија со кои може да се изрази определена идеја. Покрај содржината, членот 10 ја штити и формата на изразување – медиуми, цртежи, филмови, интернет-комуникација и електронски пренос на информации и сл.[25]
- Во јавни дебати и расправи за политиката на Владата или за други прашања од јавен интерес политичитарите и другите јавни лица мора да очекуваат и да се расправат со јаки критики и напади за кои Судот има изградено став дека се во рамки на заштитата на членот 10.
- Судот честопати потенцирал дека медиумите се еден вид постојан набљудувач и коректив на власта во едно демократско општество. Согласно со вакviот свој став судот им дава многу тесна рамка на слободната проценка на државите кога станува збор за предмети во кои е допрена или е загрозена слободата на изразување на новинарите.

[25] Маковеи Моника, Водич за имплементација на членот 10 од Европската Конвенција за човековите права, Совет на Европа, 2001, стр.9

Институт за човекови права

- Слободата на изразување во себа ја содржи и негативната слобода да не се зборува или искажува некој став и мислење.[26]
- Судот инсистира на правење разлика помеѓу факти и вредносни ставови. Постоењето на фактите може да се докаже, додека вистинитоста на вредносните ставови/судови не е подложна на проверка. Кога станува збор за докажување на вредносните судови во предметите за наводна клевета или навреда, новинарите не би можеле да избегнат осуда. Со тоа се создава ситуација на ограничување на слободата на креирање јавно мислење, како составен заштитен дел на членот 10 од Конвенцијата.[27]
- Доколку јавниот собирот е мирен, фактот што тој собир е незаконски нема да биде доволен за да се отстрани заштитата што е загарантирана со членот 11 – интервенцијата на државата мора да биде оправдана, согласно со член 11, ст.2.[28]
- Ограничувањата на правото на мирен собир од страна на државата поради повици на употреба на насилство или поради отфрлање и неупотреба на демократски средства и/или принципи, проследено со мирни и ненасилни намери кога станува збор за самиот собир, мора да бидат соодветно образложени, согласно со барањата на членот 11, ст.2, [29]
- Членот 11 од ЕКЧП ги заштитува учесниците на собирот, организаторите, па дури и странците и илегалните имигранти.[30]
- Насилството или немирите кои инцидентно се јавуваат за време на одржување собир нема по автоматизам да го исклучат собирот од опсегот на заштита на членот 11 од ЕКЧП. Намерата да се одржи мирен собир, а не можноста од насилни

[26] Маковеи Моника, Водич за имплементација на членот 10 од Европската Конвенција за човековите права, Совет на Европа, 2001, стр.9
[27] Гомиен Д, Кратки Водич кроз Европску конвенцију о људским правима, Прес Вјеча Европе, стр.89
[28] G. v Germany; ECHR Application No. 13079/87; Admissibility Decision from 14/03/1989
[29] Freedom of Assembly and Association Under the European Convention on Human Rights (Article 11), Interights Manual for Lawyers; Interights 2007, pg.9
[30] Cisse v. France (no. 51346/99), ECHR judgment 2002

реакции од други групи, е клучниот момент при одредувањето дали членот 11 е применлив.[31]

- Казните заради учество во јавен собир или протест и барањето за вадење претходна дозвола и давањето согласност за организирање јавен собир се во спротивност со правото загарантирано со членот 11 од ЕКЧП. Не е дозволиво изрекувањето на било какви санкции или казни по завршувањето на настанот, а кои не се предвидени со закон.
- Правото на мирен собир не го гарантира правото на слобода на собирање на јавен простор што е во приватна сопственост, а во спротивност со волјата на сопственикот, на пример-собир во холот на голем трговски центар, и др.
- Значењето на правото на здружување би било само теоретско доколку би се фокусирало само на формирањето – заштитата, согласно со член 11 е за целото времетраење и постоење на здружувањето, затоа секое негово укинување мора да биде во согласност со барањата на член 11(2).
- Член 11 го заштитува и негативното право за здружување во синдикални организации, поточно и правото да не се пристапи кон определен синдикат или да се напушти тој синдикат.
- Професионалните организациите од јавен карактер, формирани од државата, во принцип не влегуваат во опсегот на заштита на членот 11 од ЕКЧП, бидејќи истите делуваат во насока на остварување на јавниот интерес и на регулирање на професионалните стандарди пропишани од државата.[32]
- Правото на штрајк не е експлицитно назначено како елемент кој неопходно влегува под заштита на членот 11. Ова право, иако не е еклицитно наведено во ЕКЧП, може да биде предмет на ограничување на извршувањето на правото на

[31] Freedom of Assembly and Association under the European Convention on Human Rights (Article 11), Interights Manual for Lawyers; Interights 2007, pg.8
[32] Ovey C. and White R.; The European Convention on Human Rights; Oxford University Press, Fourth Ed. 2008; pg. 337

мирен протест и здружување, согласно со националното законодавтво.

- Не само синдикатот, туку и политичките партии влегуваат под заштита на членот 11 поради нивната значајна улога во секое демократско општество.[33]

Во досегашната судска практика на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија не е донесена пресуда која го засега правото на слобода на изразување, заштитено со членот 10, или правото на мирен собир, заштитено со членот 11. Сепак, треба да се спомне пресудата на здружението на граѓани *РАДКО против Република Македонија*. Во оваа пресуда, иако жалителот поднел наводи за прекршување на неговата слобода на изразување, судот решил да не го разгледува тој аспект од предметот и се фокусирал на членот 11, меѓутоа не на правото на мирно собирање, туку на правото на здружување, кое, исто така е заштитено со овој член од Конвенцијата. Судот во овој предмет нашол повреда на правото за здружување бидејќи причините на кои се повикала државата при носењето на одлуката за престанок на организацијата не биле релевантни и доволни за да го поткрепат тој акт. Согласно со ова, ограничувањата кои биле преземени од државата не содејствувале со некоја итна општествена потреба, па затоа и самото вмешување не може да се смета за неопходно во едно демократско општество.

Значајни примери од практиката на судот:

**<u>Пример 1</u>**

**Хендисајд против Обединетото Кралство (Handyside v. United Kingdom)**

Господинот Х кој ја издал "малата црвена школска книга" бил цел на критики од јавноста и медиумите. Согласно со домашното право и со обезбедена дозвола од судските власти му биле запленети над 1,000 копии

[33] United Communist Party v Turkey, пресуда на ЕСЧП од 31 јануари, 1998

Институт за човекови права

од книгата, заедно со постери, флаери и кореспонденција во врска со нејзиното публикување и продажба. И покрај тоа, апликантот продолжил да ја дистрибуира книгата, по што следело и второ запленување по кое господинот Х добил и судски покани заради поседување и дистрибуција на содржина со непристоен материјал.

Не постои сомневање дека постапката е директно мешање во правото на апликантот кое прозилегува од членот 10 од ЕКЧП, па сега прашање е дали тоа вмешување од властите е пропишано со закон и дали истото било неопходно во едно демократско општество со цел заштита на моралот. Бидејќи земјите на Советот на Европа немаат еднаков пристап и разбирање/дефиниција за *морал,* Судот сметал дека државните власти се во подобра позиција отколку меѓународните судии при давањето на свое мислење кога станува збор за ова прашање. Уште повеќе што членот 10, ст.2 не им дава целосно одврзани раце и неограничена рамка на домашните власти при давањето на нивната проценка, туку судот во Стразбур е тој којшто ја има конечната одлука дали ограничувањето на правото на изразување е во согласност со барањата на членот 10, ст.2. Домашната рамка/опсег на проценка е секогаш под надзор на Еврипскиот суд.

Судот, имајќи предвид дека не постои единствен европски стандард на морални вредности и дека државата во тој случај има поголема рамка/опсег на проценка, смета дека е сосема ирелевантно дека истата книга била претходно испечатена и дистрибуирана во други земји (Данска, па и други европски држави). Затоа судот одлучил дека во конкретниот предмет нема повреда на правото кое произлегува од членот 10 од ЕКЧП.

**Пример 2**

**Џерсилд против Данска (Jersild v. Denmark)**

Данската радиодифузна мрежа во една своја популарна информативна емисија емитувала програма која била уредена и продуцирана од жалителот во овој случај. Програмата имала за цел да ги опише расистичките ставови на група луѓе кои се нарекувале “зеленокошуљаши”.

Институт за човекови права

Обвинителството покренало истрага против тројца од учесниците во емисијата заради нивните расистички ставови, како и против уредникот и раководителот на радиодифузниот сервис. Тројца членови од групата биле осудени, а господинот Џерсилд бил казнет парично.

Судот сметал дека прашањето што требало да се разгледа и да се утврди е дали преземените мерки во едно демократско општество биле неопходни. Казнувањето на новинар за споделување и ширење на изјави од други лица во едно интервју или емисија сериозно може да и наштети на слободата на печатот и на придонесот што медиумите го имаат во дискусијата по прашања од јавен интерес. Тоа што казната била парична, со лимитиран мал износ, не е значајно, туку е значајно дека новинарот бил осуден и казнет. Мора да се направи разграничување помеѓу расистичките изјави, кои сами по себе не се заштитени со Конвенцијата, намерата на уредникот, и начинот на кој истите се подготвени и прикажани, поточно намерата на уредникот не била од расистички побуди и од расистичка природа.
Затоа судот утврдил, и покрај фактот дека биле пренесени силни расистички изјави преку радиодифузната мрежа, дека осудата и казната на новинарот и уредникот не биле неопходни, поточно средствата што биле употребени од државата биле диспропорционални со целта што се сакала да се постиге, а тоа е заштита на правата и угледот на другите. Согласно со тоа во дадениот случај постои повреда на членот 10 од Конвенцијата.

**<u>Пример 3</u>**

**Платформа ’Лекарите се за живот’ против Австрија (Plattform Ärtze für das Leben v Austria)**

Здружението "Лекарите се за живот" организирало два протеста на кои имале намера да го искажат своето несогласување со легалното спроведување на аборусот во Австрија. Првиот протест се одржал како марш пред просториите на доктор кој вршел такви оперативни зафати, а вториот како религиозен собир на плоштадот пред катедралата во Салцбург. И во двата случаи дошло до попречување на мирното одржување на протестот од контрадемонстранти и покрај големото присуство на

полициски сили кои формирале кордон помеѓу двете групи.

Значењето на овој предмет се гледа во одлуката на Судот дека, иако протестот можел да ги вознемирува или да ги навредува лицата коишто се противеле на идеите или барањата што учесниците во протестот ги застапувале, сепак морало да им биде овозможено да продолжат со својот протест без страв дека би можеле да станат предмет на физичко насилство на опонентите.

Судот ставил јасно до знаење дека во едно демократско општество правото на контра-протести не смее да го попречи остварувањето на самото право на протест. Ефективната слобода на мирен протест не е ограничена само на негативната обврска на државата да не се вмешува, туку членот 11 понегогаш бара да бидат преземени позитивни мерки, дури и во вакви ситуации на односи и релации помеѓу поединци. Обврската на државата, согласно со членот 11 да преземе мерки за да обезбеди непречен и мирен тек на протестите не претставува апсолутна гаранција, а државата има широка дискреција кога станува збор за изборот на мерките кои ќе бидат употребени. Со други зборови, државата, согласно со членот 11, има обврска во однос на преземање мерки, а не во однос на постигнување одреден краен резултат.[34]

**Пример 4**

**Сидиропулос против Грција (Sidiropoulos and others v Greece)**

Во овој предмет, кој се смета за еден од носечките при утврдувањето на опсегот на заштита на правото на здружување на припадниците на национални малцинства, жалителите, кои тврделе дека се од македонско етничко потекло и дека имаат македонска национална свест, одлучиле да формираат здружение кое сакале да го викаат "Дом на македонската цивилзација".

[34] сумираниот предмет е превземен од Freedom of Assembly and Association under the European Convention on Human Rights (Article 11), Interights Manual for Lawyers; Interights 2007

Европскиот суд утврдил дека организацијата се формира со цел заштита на идентитетот и промоција на македонската култура во тој регион од Република Грција. Грчките судови обиле да го регистрираат здружението бидејќи неговите основачи јавно тврделе дека се од македонско етничко потекло и го порекнувале грчкиот идентитет на регионот Македонија кој е составен дел на Република Грција. Сепак, Европскиот суд утврдил дека ништо од приложените факти во предметот не укажувало на тоа дека основачите повикувале на насилство или употреба на недемократски средства со цел остварување на нивните цели, па затоа не може никако да се оправда ограничувањето на нивното право на здружување. При одбивањето да ја регистрира организацијата, државата се повикала на остварувањето на легитимната цел – *одржување на националната безбедност*, пропишана со членот 11 ст. 2, а со намера да спречи можни немири и да ги заштити грчката традиција и култура. Судот утврдил дека целите на здружението биле јасни, недовсмислени и легитимни, па согласно со населението на тој дел од Република Грција, под истите услови како и останатото население, има право на слобода на здружување со цел промовирање и заштита на специјалните карактеристики на тој регион. Затоа судот во овој предмет нашол повреда на правото на здружување во делот на регистрација на здруженијата, согласно со членот 11 од ЕКЧП.

# ДОМАШНИ МЕХАНИЗМИ НА ЗАШТИТА

***Член 50 од Уставот на РМ***

*Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.*

*Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.*

*Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.*

**Уставен суд на Република Македонија**

Во поглед на надлежноста на Уставниот суд за заштита на овие права се посочува чл.110 од Уставот на РМ каде се вели: *"…ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот што се однесуваат на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, политичкото здружување и дејствување и забраната на дискриминација на граѓаните по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност…"* додека во поглед на истите надлежности Деловникот на Уставниот суд на РМ ги уредува на следниов начин во членот 56: *"Со одлуката за заштита на слободите и правата Уставниот суд ќе утврди дали постои нивна повреда и во зависност од тоа ќе го поништи поединечниот акт, ќе го забрани дејството со кое е сторена повредата или ќе го одбие барањето."* Согласно со Деловникот на судот (член 51), секој граѓанин може да бара заштита од Уставниот суд

доколку смета дека му е повредено правото на слобода на мисла и изразување и правото на мирен собир и слободата на здружување, во рок од 2 месеци од денот на доставувањето на конечен или правосилен поединечен акт, односно од дознавањето за преземеното дејствие.

Во досегашната скромна практика на Уставниот суд постои само една мериторна одлука, кога станува збор за индивидуална повреда на правата на јавно изразување и здружување. Иако на годишно ниво во просек постојат од 10 до 15 барања поднесени до судот за оценка на поединечните акти и дејствија на органите на јавната власт за кои граѓанинот смета дека им повредуваат некое од наведените уставни права, истите најчесто биле отфрлани од формално-правни причини. Така во 2009 година, од вкупно 15 барања поднесени од граѓаните за заштита на нивните права, во 14 случаи судот одлучил дека се работи или за неблаговремено поднесени барања, согласно со Деловникот на Уставниот суд, или за барања за заштита на права и слободи за кои не е надлежен Уставниот суд.[35] По еден од предметите во кои подносителот бара заштита на слободата на политичко здружување и дејствување, судот одржал јавна расправа и по овој предмет е одлучено во 2010 година. Судот утврдил дека, отфрлањето на кандидатурата за градоначалник на лицето Џ.Р., како последица на неточни податоци од казнената евиденција издадени од орган на државната управа, во суштина значи повреда на правото на политичко здружување и дејствување на ова лице, зад чија кандидатура застанала организирана група граѓани.

Кога зборуваме за заштитата на правото на мирен собир на граѓанинот треба да се земе предвид и надлежноста на Уставниот суд да одлучува по **иницијативите за согласноста на законите со Уставот**, а согласно со тоа и со **Одлуката на Уставниот суд (31/2006)** со која се укинува член 1-а, во делот: *„и притоа нема да се ограничува правото на граѓаните кои не учествуваат во јавниот собир на слободно движење и*

[35] Осврт на работата на Уставниот Суд на Република Македонија од 1 јануари 2009 до 31 декември 2009, Уставен Суд на РМ, февруари 2010, стр.39

*другите права утврдени со Уставот на Република Македонија“*, **од Законот за јавните собири.** Значењето на оваа одлука е во фактот што Судот мошне вешто ја применил практиката на Европскиот суд за човекови права, повикувајќи се на принципот на „неопходност“ за ограничување на правото на мирно собирање заради заштита на другите вредности и права, што подразбира дека собирот сериозно ги загрозил другите права. *“Оспорената одредба од Законот, според Судот не содржи таков квалитет и налог за надлежните органи, туку општа формулација дека со јавниот собир не треба да се ограничуваат другите слободи и права, а посебно слободата на движење.”*[36] Со таква формулација во практика органите лесно можат погрешно да препознаат и да идентификуваат и најмало попречување на сообраќајниот режим како ограничување на слободата на движење, што би претставувало основ за органичување на правото на мирен собир, т.е. негово прекинување.

**Редовни судови**

Секој граѓанин кој смета дека му е повредено правото на слобода на мисла и изразување или правото на мирен протест и здружување може да покрене постапка пред домашните судови во граѓанска, во казнена постапка или управен спор.

<u>Прекршочна постапка</u> - Прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече надлежен суд. Согласно со членот 80, став 1 од Законот за прекршоците прекршочната постапка се поведува по барање од овластениот орган и на оштетениот. Ако судот утврди дека не постојат услови за поведување на прекршочната постапка барањето ќе го отфрли со решение[37], а доколку судот не донесе решение за отфрлање на барањето, судот е должен да закаже рочиште и за тоа да го извести обвинетиот (член 86, ст.1). Обвинетиот има право на одбрана и бранител во текот на судската постапка. Прекршочната постапка завршува со

[36] Одлука на Уставен суд на Република Македонија, У.бр.31/2006, 1 ноември 2006, т.7

[37] член 84 ст.1 Закон за прекршоците, Службен весник на Република Македонија бр. 62/2006

донесување пресуда или решение со која обвинетиот се огласува за виновен и му се изрекува прекршочна санкција или се ослободува од одговорност. Против пресудата или решението на првостепениот суд може да се изјави жалба до второстепениот суд.

За одделни прекршоци определени со закон прекршочна постапка може да води и прекршочна санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања, а против конечната одлука за прекршок донесена од ваквиот орган се гарантира судска заштита.[38]

Управен спор - Заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста, Управниот суд во управни спорови одлучува за законитоста на актите на органите на државната управа, општините и градот Скопје и организации со јавни овластувања, кога решаваат за правата и обврските во поединечни управни работи, како и за решенијата донесени во прекршочна постапка. Така, против одлуката за прекршок што ја донел прекршочниот орган може да се поднесе тужба за поведување управен спор. Право да поведе управен спор има физичко или правно лице, ако смета дека со управниот акт му е повредено некое право или непосреден интерес заснован врз закон. Управниот спор се поведува против конечен управен акт донесен во втор степен, а тужената страна е органот чиј акт се оспорува.

Кривична постапка – доколку со сторената повреда на правото на мислење и изразување или на слободата на здружување и мирен протест е сторено кривично дело, и ако станува збор за дело за кое се гони по службена должност, надлежниот јавен обвинител ќе биде должен да ги преземе сите потребни мерки во предистражната постака, во насока на откривање на делото и утврдување на сторителите, како и да покрене соодветно обвинение и истото да го застапува пред редовниот суд.

[38] член 53, Закон за прекршоците, Службен весник на Република Македонија бр. 62/2006

Институт за човекови права

За кривичните дела за кои се гони по предлог или по приватна тужба, предлогот или тужбата се поднесуваат во рок од три месеци од денот кога лицето овластено за поднесување на предлогот или на приватната тужба дознало за кривичното дело и за сторителот. Ако е подигната приватна тужба поради кривично дело *навреда*, обвинетиот до завршувањето на главниот претрес и по истекот на рокот од став 1 на овој член може да подигне тужба против тужителот кој истовремено му ја возвратил навредата (противтужба). Во ваков случај судот донесува една пресуда.

Оштетениот до крајот на главниот претрес може да поднесе и имотно-правно барање што настанало поради извршување на кривично дело. Имотно-правното барање може да се однесува, меѓу другото, и на надомест на штета. Со пресудата со која обвинетиот се огласува за виновен, судот одлучува целосно или делумно за имотно-правното барање.

Граѓанска постапка - Доколку со повредата на правото на слобода на мисла и изразување или на правото на мирен протест и слободата на здружување настане спор од областа на имотните и другите граѓанско-правни односи на физичките и правните лица, тогаш за таквото тужбено барање одлучува судот во парнична постапка. Оваа постапка е карактеристична за споровите за надомест на штета.

**Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот**

Оваа комисија се формира како работно тело во состав на Собранието на Република Македонија. Комисијата има цел да разгледува начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварувањето и заштитата на слободите и правата на граѓанинот, како и да укажува на потребата од донесување закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции, туку носи заклучоци во форма на наоди кои понатаму се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции. Седниците на комисијата се транспарентни и се отворени за граѓанскиот сектор и за меѓународните институции.

Комисијата е отворена и за дописи од граѓаните. Така во текот на 2009 година до неа стигнале над 40 дописи кои иницирале седници на комисијата, меѓу кои се и случувањата на „Плоштад Слобода“[39] кај кои дојде до сериозно нарушување на правото на мирен протест. Овој предмет е еден од предметите во кои Институтот за човекови права даде свој придонес.[40]

**Народен правобранител**

Народниот правобранител или Омбудсманот е посебен и независен орган со единствен мандат за заштита на правата на граѓаните што произлегува од членот 77 на Уставот на РМ, согласно со кој Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните кога им се повредени од органите на државната управа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања.

---

[39] Во прекршочна постапка (Прк.688/09-Ј) организаторите на протестот беа гонети заради непостапување согласно со обврските од Законот за јавни собири, поточно непрекинување на јавниот собир и непреземање на доволно мерки за безбедност. Со првостепената пресуда организаторите на протестот беа ослободени од обвинението, поточно судот утврдил дека тие уредно и навремено ја известиле полицијата и истовремено ги презеле сите законски мерки за безбедно одржување на собирот. Сепак судот не посветил доволно внимание на позитивните обврски што државата морала да ги преземе во конкретниот случај, со цел заштита на учесниците на протестот. Во пресудата воопшто не е споменато кои биле должностите на полицијата и како истата постапила по случувањата, иако тоа јасно се гледа од видеоснимките кои како доказ биле изведени во текот на рочиштата во судската постапка.
Подетална анализа на предметот е содржана во финалниот правен извештај изготвен од Институтот за човекови права во рамки на спроведувањето на проектот "Слобода наместо страв: Заштита на правото на мирно собирање и изразување јавен протест".

[40] Извештај за работата на Собранието на Република Македонија за периодот 1 јануари – 31 декември, 2009, стр. 87;

Секој граѓанин може да се обрати до канцеларијата на Народниот правобранител доколку смета дека некое право, загарантирано со Уставо и законите, вклучувајќи ги тука и правото на слобода на мисла и изразување, како и слободата на мирен протест и здружување, му е повредено од органите на државната управа (Влада, мисинстерства, подрачни канцеларии, државни агенции, управи, инспекторати и т.н.) или организации со јавни овластувања (станбено-деловни претпријатија, комунални услуги, електростопанство и сл.).

Кога Народниот правобраниетел ќе констатира дека се повредени уставните или законските права на граѓанинот во еден конкретен предмет, тогаш може до соодветниот орган да даде препорака или мислење за отстранување на повредата, да предложи повторно спроведување на постапката, да покрене иницијатива за поведување дисциплинска постапка и сл.

## ЗА ИЗДАВАЧОТ

**ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА**

ул. Благој Давков 2/1/1
1000 Скопје
Република Македонија
**www.ihr.org.mk**

**Институт за човекови права**

Институтот за човекови права (ИЧП) е основан на 01.06.2009 година со цел промовирање, унапредување и заштитата на човековите права и слободи преку континуирана едукација на професионалната јавност и анализа на состојбите, организирање на стручни дискусии во рамките на правната професија и дискусии за општата јавност, со цел зајакнување на капацитетите и механизмите за промовирање, гарантирање и заштита на човековите слободи и права.

Една од основните стратешки цели на Институтот е следење на состојбите во однос на уживањето на човековите права и слободи преку наблудување и анализа на сите релеванти процеси во Република Македонија; подигање на свеста помеѓу релевантните институции, организации и останати чинители за неопходноста за утврдување и градење на ефикасен механизам за промоција, гаранција и заштита на човековите права и слободи и дискусии за релевантните прашања и проблеми кои директно задираат во уживањето на основните права и слободи на човекот и граѓаните во Република Македонија како во стручната така и во општата јавност во Република Македонија.

Повеќе информации за целите, структурата и активностите на Институтот можете да најдете на нашата интернет страна - **www.ihr.org.mk**

Институт за човекови права